**Известување за концентрација со која Нипон Експрес Холдингс, Инк. од Јапонија ќе стекне самостојна контрола над Карго-Партнер групација од Австрија**

**(предмет бр. 08- 138 од 13.09.2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 13.09.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнувањето на самостојна контрола од страна на Нипон Експрес Холдингс, Инк со регистрирано седиште на Зграда на ЕнЕкс групација, Канда, Изумичо 2, Чијода-ку, 101-0024 Токио, Јапонија над Карго-Партнер групацијата со регистрирано седиште во Фишаменд, Австрија, преку купување на удели во релевантните целни друштва.

- Нипон Експрес Холдингс, Инк. е јапонско друштво со седиште во Токио, кое котира на Берзата на Токио. Работи на светско ниво (во Јапонија, Јужна и Северна Америка, Европа, Источна Азија и Јужна Азија и Океанија) како глобален обезбедувач на услуги на логистика, вклучувајќи домашна и меѓународна релокација и превоз на специјализирана стока и ликовни уметнички удела преку железнички, морски или воздушен пат. Производите и услугите на Нипон се составен дел на четири сегменти за кои може да се извести, и тоа логистика, безбедносен превоз, превоз на тешка стока и градежништво и логистичка поддршка.

Нипон Експрес Холдингс, Инк.  не е присутно во Северна Македонија.

-Карго-Партнер групацијата, со седиште во Фишаменд, Австрија, нуди сеопфатно портфолио на воздушен, морски, копнен превоз и услуги за складирање, со посебен фокус на шпедитерските услуги во воздушниот и океанскиот транспорт, како и во копнениот превоз.

Во Северна Македонија, КП има едно регистрирано зависно друштво- Друштво за транспорт и логистика КАРГО-ПАРТНЕР ЛОГИСТИКС ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Орце Николов бр. 111/1-1, 1000 Скопје и регистрирана дејност-останати придружни дејности во превозот.

Релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да се дефинира како пазар за обезбедување шпедитерски услуги и пазар за обезбедување на договорна логистика.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

15.09.2023 година

Скопје